# КУЌИЧКА НА ДРВО



АНТОНИО АРАНГЕЛОВИЌ

ОТВОРЕНО ГРАФИЧКО СТУДИО - МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

,,Куќичка на дрво"..тематски насловена изложба на Антонио Арангеловиќ..доблесност на еден млад и афирмиран уметник да факултетското ателје го номинира како место за непречено уметникување.. примордијален амбиент на своите мечтаења, заложби...место каде навираат ретроактивно контурите на слики од детството..академски искуства, безбројни информации од современието... и сето тоа го претставува како ликовна синтеза во последниот низ на графики во делот на магистерскиот испит и како континуитет од фазите од досегашните ликовни експозиции.
Делото на Антонио се манифестира во повеќе видови; како тематски проекти, просторни сценарија на алегории, синхроно делување во репетитивен стрипски концепт во содејства на ликовните сликовности.
Се потпира на естетиката на фрагментарно појаснување портретно-фигурална на своите актери во графиките..тие се со впечатлив, хибриден и не ретко и цитатен контекс и се примарна основа за осмислување на ликовната композиција.
Како и во делата од предходните изложби така и во оваа фигурите ја носат емоцијата на ликови на деца од светот на еден унилатерален цивилизациски феномен..со аналогии и рефлексии од истокот интровертно негувајќи ги како филозофија на промислувањата и пост-културните феномени на масовната, просторна уметност.
Но пред се, стилската изразност ја вреднува низ призма на сопствената географија од сеќавања, растење и созревање и движејќи се низ тие пространства ги препознава меморисктите станици, преточувајќи ги во меморски слики, во митолошки артифицијални представи...
Како да ја следи Леонардовата поука: ,,Кога црташ планина постави камен пред себе"..
Антонио му се посветува на цртежот кој е најсилен доказ за елементарната ликовна писменост.. и затоа во графиките се препознаваат мунициозно контурирани сцени од идејната синтакса низ напластувањата на сложени повеќеслојни текстурирани форми..како транскрипт на тематското и визуелното, во хиерархијата на почуствуваната димензија од дескриптивното-миметичко до асоцијативното...
Со оваа автентична силина на ликовна сеопфатност, колегата Антонио ја втемелува авторската вредност за идните ликовни поетики.

Проф.м-р Мирко Вујисиќ




НЕ МИ
ЕТКА
КИСЕЛИНАТА
НЕ ЧИНИ!
CHECK DA FLYING SHIT

















Каталог на изложени дела:

1. Есенска капка сон, 2012, комбинирана техника, 73 x 60 cm
2. Час по историја, 2012, бакропис и акватинта, 70 x 100 cm
3. Минато, 2013, комбинирана техника, 100 x 70 cm
4. Затишје пред бура, 2013, бакропис и акватинта, 100 x 70 cm
5. Ѕвезди, 2011, линорез, 70 x 100 cm
6. Level up, 2012, линорез, 100 x 70 cm
7. Поврзаност, 2012, дигитален печат, 70 x 100 cm
8. Спратови, 2012, дигитален печат, 100 x 70 cm
9. Ѓубре, 2012, комбинирана техника, 49 x 69 cm
10. Уши под ќирија, 2012, линорез, 70 x 100 cm

Предна корица: Детал од „Час по историја"

Задна корица: Првоаприлски сирак, 2010, бакропис и акватинта, 60 x 67 cm

Антонио Арангеловиќ (Тонио Сан) е роден во Скопје на 23.02.1986. По завршувањето на средното уметничко училиште, дипломира на Академијата за Ликовни Уметности во Скопје во класата на проф.м-р Мирко Вујисиќ. Досега во севкупното творештво има издадено 7 музички албуми (член е на култниот македонски рап бенд ГринАут, како и на екипата Легијата), еден е од двајцата автори на стрипот ФАЦИЗАМ (кој досега доживеа 3 продолженија), комплетен автор е на краткометражниот 5 минутен цртан филм „Празен Ум", има зад себе една самостојна изложба, има учествувано на неколку групни изложби и на неколку ликовни колонии.
Денес живее и твори во Скопје како слободен уметник, работи на завршувањето на својот магистерски труд, работи на издавањето на својот 4-ти соло албум, на 4-тото продолжение на ФАЦИЗАМ, се бави со цртеж, графика, анимира и тренира кендо.

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

Издавач: Музеј на град Скопје; за издавачот: Љубица Кондијанова; организација: Атанас Ботев; дизајн: Антонио Арангеловиќ; предговор: Мирко Вујисиќ; Ноември, 2013

